FOREVER
MACEDONIA
Јули 2017 | Број 189

## ГОЛЕМА ВИЗИЈА
**Gregg Maughan**

## СПОНЗОРИРАЊЕ

## ФОРЕВЕР ПРОИЗВОДИ ЗА ЛЕТНАТА СЕЗОНА





# Голема визија

## Размислувајте пошироко. Сигурно го слушате овој израз толку често, што дури ни за миг не проникнувате во неговата смисла. Што би се случило ако секој оддели минута и се фокусира?

**Навистина да ПОМИСЛИ и да размисли за своите цели, својата иднина и што е подготвен да направи за да ги оствари своите стремежи. Сега, замислете што би можел да постигне секој од нас, ако ги прифатиме краткорочните цели и постигнувања како скалила кон големото нешто.**

За вас ова може да значи да станете ОРЕЛ, да имате поголема финансиска стабилност или да се посветите само на Форевер бизнисот, да го одведете семејството на незаборавен одмор или да добиете чек од програмата Chairman's Bonus. За мене МИСЛИ ПОШИРОКО значи да го удвоиме бизнисот и да им помагаме на повеќе луѓе во целиот свет да изгледаат и да се чувствуваат подобро.

Оние кои беа со нас во Дубаи видоа со свои очи до каде може да се стигне со размислување пошироко. Пред неколку децении Дубаи беше само град во пустината. Многумина си мислеле дека никогаш нема и да биде нешто повеќе. Но Негово Височество Шеик Мохамед бин Рашид ал-Мактум, емирот на Дубаи, не оставил тоа да го запре. Сфатил дека единственото нешто кое недостасува била јасна визија за иднината и непоколеблива верба дека Дубаи може да биде еден од најубавите градови во светот.

**Како што самиот вели, ОАЕ е**

**„олицетворение на смело соочување со тешкотиите, надминување на пречките и освојување на невозможното.“**

Кога пред 15 години во Дубаи се родила идејата за Бурџ Калифа, мислите ли дека само сакале да изградат „убава“ зграда? Се разбира не! Тие ја сакале НАЈ-високата, НАЈ-добрата, нај-НЕВЕРОЈАТНАТА кула, каква што светот уште не видел!

Нивната визија го надминувала реалното во тој момент. Ако тие целеле пониско, без сомнеж ќе изградеа само уште една кула, но тие избрале да МИСЛАТ ПОШИРОКО! Дали ова ви звучи како нешто кон кое можеме сите ние да се стремиме?

Секој ден трудете сè да ја применувате истата решителност и неконтролирана визија за сопствениот живот и бизнис.

Токму тука е местото на кампањата „Удвојте го вашиот бизнис“. Ако секој од нас направи по малку повеќе, за да израсне, да мечтае и да работи за своите цели, можеме да постигнеме безгранично многу! Не се потценувајте. Не си градете само „убав“ бизнис – не се задоволувајте со помалку отколку што заслужувате и можете да постигнете. МИСЛЕТЕ ПОШИРОКО!

Не запирајте да се смеете,

**Gregg Maughan**
Претседател на Форевер Ливинг Продактс



# Светла (жолта) иднина

**Повеќето компании нудат многубројни производи и Форевер исто така не е исклучок од ова правило, но секогаш има еден или два производи кои се во сржта на успехот и ја фокусираат целата дејност на фирмата. За Форевер тоа е ГЕЛОТ ОД АЛОЕ ВЕРА.**

Пред неговата појава, многумина никогаш немале можност за пристап до придобивките и хранливите материи на алоето како штотуку да отсекле лист од растението. Милиони луѓе ширум светот го почувствуваа неговото благотворно дејство и како резултат на тоа, речиси 40 години ние имаме големи успеси! Но, како секоја добра компанија, ние исто така знаевме дека не можеме да лежиме на ловориките на гелот од алое вера и на другите производи – треба да продолжиме да се развиваме, да иновираме и да се движиме со пазарот.

За да останеме најзначајниот светски снабдувач на производи од алое и од пчелни производи, треба да се адаптираме на промените во барањата на потрошувачите и на новите технологии!

Кога за прв пат слушнав за предностите на новото „Тетра Пак" пакување, бев воодушевен, но и малку загрижен. Не затоа што технологијата не е тестирана или импресивна, туку бидејќи како многумина од нашите клиенти и сопственици на бизнис, јас исто многу ја сакам малата жолта тубичка која ја користиме со децении. Не сакав да ја прекинеме ако не сме 100% убедени дека новата опаковка ќе ни помогне да го усовршиме гелот од алое вера, за да бидат уште позадоволни нашите клиенти, како и дека благодарение на неа ќе можеме да ги споделуваме корисните својства на алоето со уште повеќе луѓе во светот.




Кога научив повеќе за технологијата „Тетра Пак" и нејзините предности, го видов и новиот дизајн, се уверив дека ова е сериозна еволуција за Форевер и голем чекор кон иднината! Како да не се воодушеви човек од опаковка која чува повеќе од вредните хранливи состојки на алоето и обезбедува посвеж вкус?

## На крајот на краиштата, најважно е што има внатре!

Освен тоа, новото пакување се состои од 100% рециклирачки материјали и значително го оптимизира производството и така ја потврдува нашата посветеност да ја чуваме околната средина. Дури и полесно се вклопува во ладилникот!

Знаеме дека да направиш нешто како што треба одзема време и дека промената не е лесна. Но бидете



спокојни, бидејќи сте дел од компанија која е посветена на иновации, во која никогаш не се задоволуваме со „доволно добро".

Вие сте дел од тим кој има визија за иднината на нашата компанија и на влијанието што го имаме врз светот околу нас. Вие сте дел од глобалното семејство кое вистински е посветено на тоа да им помага на другите.

Со нетрпение очекувам лично да го пробате новиот ГЕЛ ОД АЛОЕ ВЕРА и да ја почувствувате неговата моќ да го преобрази вашиот бизнис. Иднината е тука – и изгледа светло!

Засекогаш Ваш,

Rex Maughan




# Спонзорирање

## Што да очекувате од вашиот спонзор

### Кој е мојот спонзор?

Спонзорот е човекот кој ви ги претставил можностите за доходи кои компанијата ги предлага, и ве регистрирал како нов сопственик на Форевер бизнис. Тој може да е ваш пријател, роднина или колега, а може и да е човек со кого штотуку сте се запознале. Без оглед на досегашните односи со него, од тој момент натаму тој е првиот човек на кого ќе се обраќате за прашања поврзани со Форевер.

### Информации и совети

Како нов сопственик на Форевер бизнис ќе имате потреба од поддршка во градењето на вашата мрежа. Спонзорот може да ви помогне со организирање на редовни средби за планирање и дефинирање на краткорочни и долгорочни цели за вашиот бизнис.

### Мотивација и поддршка

За градењето на бизнис во мрежниот маркетинг потребни се многу работа и одлучност. Секој веднаш не го гледа потенцијалот во предлогот за Форевер бизнис и може да е обесхрабрувачки да не го добиеш одговорот кој го очекуваш. Во такви моменти е корисно да разговараш со спонзорот, за да добиеш мотивација и совет како да продолжиш понатаму.

### Помош од мрежата нагоре

Мрежниот маркетинг е целосно изграден врз идејата за работа во тим. Да градиш бизнис на тој начин значи дека имаш пристап до цела група од луѓе, од кои секој има богати познавања за бизнисот и производите. Ако имате прашања на кои директниот спонзор не е во состојба да одговори, тој ќе ви препорача да се обратите на Менаџерот на вашата мрежа или некој друг од тимот со повеќе познавања и искуство во бизнисот.

### Ова е вашиот бизнис

Не заборавајте дека и покрај тоа што спонзорот ви е на располагање за напатствија, сепак ова е вашиот сопствен бизнис. Затоа треба целосно да го владеете! Сега е вашата шанса сами да си изградите нешто неверојатно. Следете го примерот на спонзорот и дејствувајте!

## Како да бидам добар спонзор

### Што претставува спонзорот?

Станувате спонзор веднаш штом регистрирате друг човек во вашиот тим. Веќе сте првиот човек на кого тој ќе се обрати за прашања поврзани со Форевер, како и за ориентација и поткрепа.

### Пренесете го знаењето

Идејата на бизнис моделот на Форевер е да биде едноставен и да може да се копира, за да може секој да ги пренесува познавањата за маркетинг планот на своите нови партнери. Како спонзор од вас се очекува да го споделувате наученото и да им помагате на луѓето од вашиот тим да ги планираат активностите. Работете со новите соработници со прирачникот „Први чекори до Менаџер". Тоа ќе им помогне да си направат список со имиња, да си постават јасни цели и да разберат што треба да направат за да ги постигнат. Следете ги материјалите и сајтовите на Форевер, редовно присуствувајте на средби, обуки и настани, за да стекнете солидни познавања. Важно е да ја разгледате Деловната политика со секој нов кандидат, за да разберат уште на почетокот при какви услови ќе работат, ако решат да станат сопственици на Форевер бизнис.

### Покажувајте им како се прави

Да давате добар пример, е важен дел од вашата улога на спонзор, затоа не пропуштајте да ги правите нештата за кои говорите. Луѓето од вашата мрежа гледаат од вас како да градат свој тим. Не може да очекувате од вашиот тим да извршува активности кои вие самите не сте подготвени да ги извршувате.

### Играјте тимски

Запомнете дека не сте во конкуренција со вашата мрежа – вашиот личен успех зависи од нивниот. Инвестирајте време да им помагате на вашите партнери, ако имаат потреба, за да бидете наградувани кога тие растат во маркетинг планот.

### Користете ги алатките

Дали знаете дека во разделите за сопственици на Форевер бизнис во двата сајта www.flp.bg и www. foreverliving.com има многу корисни алатки за работата со вашите нови партнери? Разгледајте сѐ што сме подготвиле за вас. Спонзорирањето на нови луѓе ќе го трансформира вашиот бизнис од начин за дополнителна заработувачка до одржлив извор на сериозни доходи. Затоа не се плашете – започнете да спонзорирате уште денес и работете за возбудливата иднина со Форевер!

# УСПЕХОТ – разумен баланс од активности



*Стефан и Тања Стаеви*

**Почитувани сопственици на Форевер бизнис, драги пријатели,**

Тешко дека има некој од вас кој сè уште не слушнал или прочитал за амбициозната цел на Форевер да го дуплираме (2х) бизнисот во следните седмици, месеци или години. Раководството на компанијата не става прецизен рок за исполнувањето на таа цел, но е цврсто убедено дека секој од вас може да го постигне и тоа во разумен рок. А за тоа да го направиме, според нас, најважно е најнапред да седнеме и спокојно да планираме какви активности ќе треба да преземеме за да можат бизнисот и доходите да растат со темпо кое во моментот за многумина изгледа недостижно.

Кога зборуваме за удвојување на бизнисот, најнапред треба да сме свесни што претставува овој наш „бизнис". Како се пресметува, кои се факторите кои го дефинираат и како можеме да влијаеме на секој од нив одделно? Маркетинг планот на Форевер го наградува секого врз основа на бодовите (паричен обрт од купени производи) во вашата мрежа. А тој од своја страна е еднаков на бројот на луѓето во вашата мрежа кои направиле купувања во месецот, помножен со просечниот број на нивните купувања и по нивната средна вредност. Тоа е. Три броеви – број на луѓе, просечен број купувања, просечна вредност на купување, кои на крај на месецот или годината го одредуваат вкупниот волумен на вашиот бизнис.

Штом веќе знаеме кои броеви треба да ги зголемиме за да порасне нашиот бизнис, не е тешко да седнеме и да планираме какви конкретни активности треба да преземеме за да влијаеме на секој од нив.

**Имате две опции:**

- да се обидете да го направите невозможното, така што ќе се концентрирате на еден од овие броеви и ќе се обидете да го удвоите, за да може вкупниот резултат да биде исто два пати поголем, или
- да работите РАЗУМНО и БАЛАНСИРАНО за остварување на целосно остварливи цели, така што ќе го зголемите секој од тие три фактори само со 20% до 30% и така ќе го удвоите својот бизнис.

Според нас, секој што добро ја разбира суштината на бизнисот наречен мрежен маркетинг, би ја избрал втората опција. Еве и неколку кратки идеи за активностите кои ќе ви помогнат да влијаете на СЕКОЈ од факторите за раст на вкупниот обрт во вашата мрежа:

**Број на луѓе во мрежата** – збир од бројот на ново спонзорираните СФБ и на веќе приклучени во вашиот тим СФБ, кои продолжуваат да купуваат производи и да спонзорираат нови луѓе. Ќе го зголемите ако редовно организирате бизнис претставувања и презентации на производи за вас и вашата мрежа, грижејќи се на нив да присуствуваат колку може повеќе луѓе (работа со список и покани). А за да продолжат луѓето во вашата мрежа да работат, тие треба да бидат обучувани и потпомагани (Брз старт, Први чекори до Менаџер, планирање, први 30-60-90 дена). Дополнете го сето ова со редовни средби на тимот и секојдневни напори за создавање на нови контакти и сигурно бројот на луѓето во вашиот тим кои порачуваат производи и редовно спонзорираат, наскоро ќе се зголеми.

**Просечен број порачки на производи** – ќе ги зголемите кога имате систем за следење на вашите клиенти и на СФБ од вашата мрежа (редовен контакт со нив). Исто така е важно да не престанете да обрнувате внимание на сите дека нашите производи не се решение на еднократен проблем, туку се за секојдневна употреба и со нивна помош можат да изгледаат и да се чувствуваат подобро. Добра идеја се и програмите за лојалност за вашите клиенти. А за да си гарантирате останување на повеќе луѓе во вашата мрежа, ви препорачуваме да им помагате добро да го разберат маркетинг планот на компанијата и да растат во него.

**Средна вредност на порачките** – овој број ќе го зголемите ако создавате навики за спонзорирање на нови луѓе со Старт пакет, Клин 9 или F15, како и за употребата на нашите прекрасни програми од секој член од вашата мрежа. Употребата на повеќе производи на компанијата во вашето секојдневие и тоа на луѓето од вашиот тим, учеството на изложби и саеми каде може да понудите повеќе производи за продажба, организирањето на домашни забави и презентации на производи, како и создавањето на навики за користење на нашите производи за подароци за секакви поводи, значително ќе ја зголемат вредноста на порачките во вашата мрежа.

А што се бара од вас? Нешто многу едноставно што не чини пари – да седнете и да го планирате секој месец од вашата работа, па таа да вклучува балансирани активности кои влијаат на секој од овие фактори и ДИСЦИПЛИНИРАНО да го следите планот. Така прават сите кои успеваат со Форевер и секоја година ги удвојуваат своите доходи. Останатите работат без план за активности и се потпираат на случајноста, а сите многу добро знаеме дека случајноста не е фактор во нашиот бизнис.

Удвојте го вашиот бизнис и доходи! Секој може тоа да го направи, ако разумно ги балансира своите активности!

**Со љубов и секогаш со Вас,**

***Стефан и Тања Стаеви***

# Форевер производи за летната сезона

Секој од нас со нетрпение го очекува периодот кога ќе може да ужива во времето поминато на отворено. Секако на сите ни е потребна заштита кога сме директно изложени на сончевата светлина. Ќе ви покажеме како на едноставен начин можете ова лето да ја подготвите вашата кожа пред да ја изложите на сонце и како да се заштитите од прекумерното изложување на сонце.

## Чекор 1 – Уживајте со нежниот пилинг

Првиот чекор како да дојдете до блескава кожа пред да се изложите на сонце е да го отстраните првиот слој кој се лупи. Направете темелен пилинг на целото тело со **Forever Aloe Scrub.** Овој производ ќе ви помогне да ја отстраните нечистотијата и мртвите клетки, а на вашата коже ќе ѝ даде поздрав изглед.

## Чекор 2 – Обвиткајте сè со алое

По употребата на пилингот, вашата кожа е обновена и подготвена за нанесување на **Aloe Lotion.** Освежете сè со Алое Лосион и хидратирајте го вашето лице и тело со комбинацијата од чисто алое и масло од јојоба.

## Чекор 3 – Имајте неодоливи усни

Хидратацијата на вашите усни може да ја одржувате со балсамот за усни со алое и јојоба **Aloe Lips.** Алоето и јојобата ќе ги регенерираат вашите усни, а вие ќе уживате во вашата неодолива насмевка.

## Чекор 4 – Редовно одржувајте и негувајте ги вашите пазуви

Во лето нашата облека е лесна и без ракави, па затоа е потребно да посветиме повеќе внимание на заштита на пазувите. Нашиот **Aloe Ever-Shield Deodorant Stick** ќе ви пружи долготрајна заштита која нема да ја иритира вашата кожа. Производот лесно се нанесува и не остава траги на облеката. Што е исто така важно, производот не содржи алуминиумови соли и може да го користат и жени и мажи, поради неговиот неутрален мирис.

## Чекор 5 – За тие кои уживаат во сончањето

Од витално значење е да бидете заштитени на плажа од ултравиолетовите зраци со водоотпорен производ со доволно висок заштитен фактор. Вие одберете дали да се намачкате со **Sunscreen Lotion** или да се испрскате со **Sunscreen Spray.** Двата производа имаат свиленкаста текстура, брзо се впиваат во кожата



и ја хидратираат со стабилизиран гел од алое.

Настојувајте производот за заштита од сонце да го нанесете пред да излезете на сонце. Препорачливо е да го нанесувате на секои два часа, бидејќи истиот делумно се отстранува после капење, од потење и бришење со пешкир.

Ова се петте чекори за подготовка и заштита на вашата кожа пред годишните одмори.

Во вашите патни торби понесете и:

**Aloe First** - По долгиот ден под жешките сончеви зраци и кожата и косата имаат потреба од навлажнување, смирување и потхранување. Овој мултифункционален спреј од алое вера, пчелен прополис и одбрани билки е лесен за нанесување и многу ефикасен.

**Aloe Vera Gelly** – Повеќефункционален гел кој смирува и разладува, апсолутно задолжителен за секој одмор на море или езеро. Идеален е за после плажа, бидејќи ја ублажува иритацијата и чувствителната кожа.

**FAB/FAB X** – Природните енергетски пијалоци содржат патентирана




комбинација од билки и хранливи материи, меѓу кои и витамините Б 6 и Б 12. Одлични се за брз наплив на енергија и имаат долготрајно дејство.

**Aloe2Go** - "Цебното алое" ви нуди вкусен прилив на енергија и го поткрепува вашето тело со сложени јаглехидрати. Комбинацијата од освежувачкиот сладок вкус на мангостанот и алое вера гел претставува најдобар антиоксидантен коктел. Вашиот имунолошки систем ќе биде во одлична форма и вие ќе знаете зошто!

**Travel Kit** – Ставете го практичниот несесер во куферот секогаш кога се спремате за патување и уживајте во пет од омилените Форевер производи, каде и да сте!



# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА МАЈ 2017 ГОДИНА

Клуб 4 – прво ниво

Д-р Теута и Реџеп Ајети

4 CC Level 1

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ

Андонова Александра – Радовиш
Биберовиќ Шефика – Велес
Бошева Наташа – Кавадарци
Божинова Катерина – Струмица
Гелевска Елена – Куманово
Глигоровски Дарко – Куманово
Дончова Лидија – Велес
Зафировски Игор – Радовиш
Зимбери Севим – Куманово
Иванова Соња – Неготино
Кисеги Габриела – Гевгелија
Крстевски Славе – Скопје
Лулевиќ Драгутин – Куманово
Мавров Васко – Неготино
Мишков Петре – Кавадарци
Мишиќ Андријана – Врање
Митровски Тања и Коста – Скопје
Павлова Душанка – Неготино
Петковски Саше – Куманово
Петров Марјан – Неготино
Петрова Невенка – Велес
Петровска Сузана – Куманово
Петровска Тања – Велес
Радеска Елизабета – Скопје
Спасовски Стефан – Куманово
Станојковска Ангела – Куманово
Стефановска Катерина – Куманово
Стошевска Верица – Скопје
Трајчевска Жаклина – Неготино
Трајковска Ивана – Куманово
Чочков Доне – Неготино
Шерифи Наиме - Приштина

## ТОП 10

### ВКУПЕН ОБЕМ

1. Др.Роза Гелевска
2. Др.Снежана Контра
3. Вера Златковска
4. Славица Донакова
5. Блага Крстеска
6. Слафко Михајловски
7. Катерина Трајчевска
8. Жарко Георгиевски
9. Стевица Димовска
10. Младен Димовски

### НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Др.Роза Гелевска
2. Жарко Георгиевски
3. Вера Златковска
4. Др.Снежана Контра
5. Стевица Димовска
6. Др.Гордана Николиќ
7. Славица Донакова
8. Младен Димовски
9. Катерина Трајчевска
10. Македонка Петровска




## ВАШИОТ БИЗНИС Х2

Удвојте го вашиот бизнис со помош на ПРОМОЦИЈАТА во јули

**Новус клиент и Асистент Супервизор** - направете порачки во вредност од најмалку 1 бод на личен код и вклучете 1 нов СФБ




**Супервизор и повисоко**
- направете порачки во вредност од најмалку 2 бода на личен код и вклучете 2 нови СФБ

Доколку ги исполните барањата, добивате еднократно подарок - крпа за бања со логото на Форевер.

## facebook

**Следете ја официјалната фејсбук страница**
**Forever Living Products Macedonia**
**за да бидете во тек со сите новини, промоции, обуки и претставувања кои ги организираме.**

Like

**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk

Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.

## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**
- онлајн преку линкот http://flp.bg/mac/order/
- доколку не сте во можност да порачате онлајн, можете телефонски на 02 2465846 секој работен ден од 9 до 19 часот. Порачките кои се примени до 14 часот се испраќаат од канцеларијата на Форевер истиот работен ден. Вие ја добивате порачката на домашна адреса во рок од 24 часа и ја плаќате на доставувачот.